Број на Службен весник:61/2014
Датум на објава на Службен весник:10.04.2014
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА КОРИСТЕЊЕ ПОД ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ПОМОШЕН ОБЈЕКТ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за користење под закуп на земјоделско земјиште на кое е изграден бесправен помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи и потребната документација ("Службен весник на Република Македонија" бр.114/12), Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.22-1576/3
1 април 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

БАРАЊЕ
за користење под закуп на земјоделско земјиште на кое е изграден бесправен помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи

1.Податоци за подносителот на барањето.

Име и презиме на физичкото лице/назив на правното лице ____________________
Адреса на живеење/седиште на правното лице ______________________________
ЕМБГ/ЕМБС _________________________________
Лице за контакт _________________________ тел. ____________________

2.Барањето за регулирање на корисничкото право врз земјоделско земјиште во државна сопственост на кое е изграден бесправен објект __________________________ (вид на бесправно изграден објект) се поднесува за КП.бр.__________, место викано ___________, катастарска култура _________, катастарска класа ____,површина _______ м2, запишана на Имотен лист бр. ________ за КО __________, во сопственост на ____________________.

Во прилог кон барањето се доставува:
-Уверение за државјанство или копија од важечка лична карта за физичко лице, односно копија од патна исправа за странско правни лице или решение од Централен регистар на Република Македонија за правно лице не постаро од еден месец односно од соодветна институција во државата во која странското правно лице има седиште;
-геодетски елаборат за земјоделското земјиште на кое е изграден бесправниот објект и
-одобрение за потврдување на бесправно изграден објект издаден од страна на единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е изграден бесправниот објект или оранжерија.

БАРАТЕЛ,

____________________

____________________
Датум и место

(потпис/печат*)

* За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва